Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 3 став 2 Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0202-809/5 од 27.01.2020 година, а согласно Годишниот план за вработување за 2020 година на ЈП Водовод и канализација - Скопје арх.бр.0202-12516/1 од 20.09.2019 година и Планот за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2020 година арх.бр.0302-802/1 од 27.01.2020 година и Одлуката за утврдување потреба од работник за засновање на работен однос на неопределено време бр.0302-925/1 од 31.01.2020 година, ЈП Водовод и канализација - Скопје објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С бр.1/2019**

За вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација - Скопје за следните работни места

1. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во Сектор за Наплата – 3 извршители
2. КДР0305Б02046 Контролор во Одделение за контрола на корисници во Сектор за Наплата – 1 извршител
3. КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група во Одделение за фекално и атмосферско одржување во Сектор Канализација – 5 извршители
4. КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група во Одделение за одржување на водоводната мрежа во Сектор Водовод – 1 извршител
5. КДР0305Б03045 Геометар соработник во Одделение за катастар во Сектор Технички работи и развој – 1 извршител
6. КДР0305Б01038 Координатор во Одделение за диспечерски центар – Сектор за Дежурно информативни работи - 1 извршител
7. КДР0305Б04057 ВКВ Водоинсталатер за водоводната мрежа во Одделение за санирање на дефекти во Сектор за дежурно информативни работи – 1 извршител

**Општи улови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- за работо место под реден број 1 - стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование
- за работо место под реден број 2 - стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование
- за работно место под реден број 3 - најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- за работно место под реден број 4 - најмалку ниво на квалификации I или основно образование

- за работно место под реден број 5 - стекнато најмалку ниво на квалификации IV Средно техничко образование - геодетски техничар, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование
- за работно место под реден број 6 - стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен
- за работно место под реден број 7 - стекнато најмалку ниво на квалификации IV - ВКВ квалификација, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование

**Потребно работно искуство:**

- За работно место под реден број 1 - со или без работно искуство во струката
- За работно место под реден број 2 – најмалку две години работно искуство во струката
- За работно место под реден број 3 – со или без работно искуство во струката
- За работно место под реден број 4 – со или без работно искуство во струката
- За работно место под реден број 5 - најмалку една година работно искуство во струката
- За работно место под реден број 6 - најмалку три години работно искуство во струката
- За работно место под реден број 7 - со или без работно искуство во струката

Почеток и завршеток на дневно и неделно работно време и распоред на работното време:

- Работното време се организира од 07,30 до 15,30 часот (пауза од 10,30 до 11,00 часот) со дневно работно време од 8 часа во петдневна работна недела.
- Полното неделно работно време изнесува 40 часа.

**Основната нето плата:**

- за работното место под реден број 1. Инкасант - наплатувач изнесува 22.200,00 денари
- за работното место под реден број 2. Контролор изнесува 25.500,00 денари
- за работно место под реден број 3. Водоинсталатер, монтер III-група изнесува 19.800,00 денари
- за работно место под реден број 4. Водоинсталатер, монтер III-група изнесува 19.800,00 денари
- за работно место под реден број 5. Геометар соработник во одделение за катастар изнесува 21.900,00 денари
- за работно место под реден број 6. Координатор изнесува 29.100,00 денари
- за работно место под реден број 7. ВКВ Водоинсталатер за водоводна мрежа изнесува 22.200,00 денари

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2020 година се: 55 Македонци; 18 Албанци; 2 Турци; 4 Роми; 3 Срби; 1 Други.

Рокот за пријава: Рокот за пријавување по јавниот оглас изнесува 3 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.
Пријавите за вработување се пополнуваат на образец изготвен од страна на инситуцијата кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страната на претпријатиетo: www.vodovod-skopje.com.mk.

Пополнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација - Скопје на адреса ул. Лазар Личеновски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3240-300 лок 357 лице за контакт Нергис Муча.

Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:

- Уверение за државјанство (копија)
- Диплома за завршено образование (заверена на нотар)
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ за работно искуство

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување на давателите на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:
Фаза 1 - Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;
Фаза 2 – Интервју